ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
И КОМУНАЛНИ РАБОТИ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број:11 – 895/2
Датум: 10.02.2021
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 09.02.2022 година изврши увид на лице место на ул.“Нобелова “ бр.11Б , по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“, Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров, Скопје кој треба да изврши изведба на електромонтерски и земјеноградежни работи и полагање на нисконапонски кабел NAY2Y-J 4X240, заради реализација на нов приклучок за објект на барател Левески ГРУП Дооел.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија за планираниот зафат предвидува ископ на ров во должина од 80м, бушење на улица, положување на нисконапонски кабел NAY2Y-J 4X240 со должина од 80м и поставување на нов кабелски разводен ормар KRO Ф5 (димензии B=785мм, H=850мм, T=320мм) на ул.“Нобелова“ бр.11 .

Трасата на ровот за подземниот вод се простира од постоечки ормар по целата должина од 80м по тротоарот, а кои припаѓаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 11.328,00 денари со вклучено ДДВ, за прекоп на тротоар од павер елементи.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од тротоарска подлога од бекатон да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
И КОМУНАЛНИ РАБОТИ

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Данче Поповска

Соња Крајничанец

Тома Мандилоски

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk